**До:** ДЕЛТА ТЕРМ ДСД ИНЖЕНЕРИНГ ДОО увоз-извоз Скопје
Ул.Перо Наков бр.83/А
1000 Скопје

**Наш број:** Уп.08-12
**Дата:** 21.08.2024 г

**Предмет:** Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 и бр.150/2022) и врз основа на член 3 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на "ДЕЛТА ТЕРМ ДСД ИНЖЕНЕРИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 21-08-2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "ДЕЛТА ТЕРМ ДСД ИНЖЕНЕРИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата "ДЕЛТА ТЕРМ ДСД ИНЖЕНЕРИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 и бр.150/2022)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

"ДЕЛТА ТЕРМ ДСД ИНЖЕНЕРИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација  во Централниот регистар на РМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Тековна состојба на вистински сопственици од ЦР на РСМ
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран економист, едно лице со вишо и едно лице со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар

Поднесеното барање со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека "ДЕЛТА ТЕРМ ДСД ИНЖЕНЕРИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 и бр.150/2022).

На ден 21.08.2024г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на "ДЕЛТА ТЕРМ ДСД ИНЖЕНЕРИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Мацовски

Изготвил: Јасмина Петреска